Архивски знак:
Shenjë arkivuese
Рок на чување: ______ год.
Afati i ruajtjes ______ viti
______ 20__ година
Плотис. Nënshkrimi ______ viti

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 10-04-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 44 | 2389/3 | | |

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски број:

21-1261/63 7

09. 04. 2019 2019 г.

До: ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
-Одделение за соработка со невладини организации-

Предмет: Доставува Известување
ВРСКА: Ваш број 44-2389/2 од 27.03.2019 година

Почитувани,

Владата на Република Северна Македонија со допис 44-2389/2 од 27.03.2019 година го задолжи Министерството за правда да изготви Известување во врска со Барањето од граѓанските организации Хелсиншки комитет за човекови права, Коалиција Сите за правично судење, Институт за човекови права, Македонско здружение на млади правници, Центар за правни истражувања и анализи, Институт за европски политики и Фондација Отворено општество Македонија, кои се дел од Блупринт групата на организации со фокус на работа на следење на правосудните реформи и застапување за нивно спроведување, за повлекување на Предлог-законот за јавното обвинителство, со цел подобрување на предлозите кои се однесуваат на функционирањето на Специјалното јавно обвинителство.

Во врска со наведеното, Министерството за правда, во прилог ви го доставува следново:

## И З В Е С Т У В А Њ Е

Законот за Јавното обвинителство е еден од клучните закони преку кој ќе се цени спремноста на нашата држава да создаде правна основа за сериозна борба против криминалот и корупцијата.

Донесувањето на овој закон, ќе биде еден од најважните критериуми за донесување одлука за почеток на преговорите со ЕУ. Донесувањето на овој закон, е


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

дел од Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017 - 2022 година, во која се дадени рамките и основите на реформата во оваа област.

Заради исполнување на обврските од Стратегијата, Министерството за правда во април 2018 година, отвори процес на подготовка на Законот за Јавното обвинителство.

Работната група составена од јавни обвинители, судии, домашни и странски експерти, изработи законски текст кој на 4 декември 2018 година, беше објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Паралелно со него, беше објавен и посебен Закон за СЈО, кој ги отсликуваше ставовите на СЈО. Заради транспарентност на процесот, двата закони беа објавени и се очекуваа коментари на истите. Беа организирани и работилници на кои се дискутираа одредени решенија содржани во двата законски текстови.

Двата текста беа дебатирани и на Советот за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформи на правосудниот сектор, со цел да се слушнат мислењата за решенијата содржани во нив. Во целиот процес, сите, вклучувајќи ги и невладините организации можеа да дадат сопствени ставови, коментари и предлози за подобрување на законскиот текст. Изготвените законски решенија беа испратени и до надлежните институции кои исто така се произнесуваа по нив.

Правилата за објава на законските текстови на ЕНЕР беа целосно испочитувани, од причина што врз основа на коментарите и мислењата коишто стасаа од сите заинтересирани, беа земени предвид при конечното формулирање на законскиот текст.

Согласно правилата, текстот на законот може да се менува и на самата владина седница, и не е предвидено секоја измена која што се работи во министерствата да биде објавена на ЕНЕР. Всушност, тоа е и поентата, врз основа на коментарите, на најшироката јавност на која законот се прави достапен преку ЕНЕР, да се изработи конечниот текст којшто ќе биде пуштен во собраниска процедура.

Свесни сме дека Законот за Јавното обвинителство допира различни, спротивставени интереси, и тоа можеше да се види не само во рамките на работната група, туку и во коментарите на пошироката јавност, како од експерти, новинари, претставници на невладини организации, така и од претставници на политичките партии.

Клучната цел на Министерството за правда е овој закон да создаде одржлив систем, со ефикасни гаранции за професионална борба против криминалот и корупцијата, систем кој нема да содржи скриена амнестија, ниту можност било кој да ја избегне правдата.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Министерството за правда во неколку наврати укажа дека еден од клучните предизвици е разграничувањето на надлежноста меѓу СЈО и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Решението кое е предложено е на линија на предлогот содржан од работната група, составена од обвинители, судии, експерти. Во периодот на објава на законот на ЕНЕР, од невладините организации не стаса било каков поинаков предлог за измена на овие одредби.

Законското решение усвоено од Владата, содржи гаранции за автономијата и функционалноста на СЈО и тоа беше едно од прашањата кое се дебатираше и од аспект на уставност и целисходност. Ставот на Министерството за правда беше дека гаранции за капацитетно вршење на функцијата од страна на СЈО треба да бидат и се содржани во текстот на законот.

Користењето на "бомбите" е едно од прашањата за кое укажавме дека е посебен предизвик за постигнување согласност од 2/3 од пратениците во Собранието. По опсежни консултации, дали исклучувањето на користењето на аудио материјалите во постапките може да го наруши процесот на докажување на вина во судските постапки, превагна ставот дека нивното користење само како индиции нема да наштети на постапките кои ги води СЈО, а значајно беше да се зачува валидноста на материјалните докази прибрани досега врз основа на аудио материјалите.

На крајот, ги повикуваме сите кои можат да понудат подобри решенија за измени и дополнувања на законот, истите да ги испратат до Министерството за правда во најскор можен рок, со цел да може да се интервенира за подобрување на текстот во текот на постапката во Собранието. Би било корисно, сите забелешки да бидат придружени со конкретни предлози за подобрување на текстот.

Потсетуваме уште еднаш дека услов за отворање на преговори со Европската унија е носење на Законот за Јавното обвинителство во кој СЈО ќе добие основ за трајно постоење во правниот систем на нашата држава, продолжување на постапките кои истото ги води - закон без скриена амнестија.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,
д-р Рената Дескоска


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Доставено до:

1. Хелсиншки комитет за човекови права,
2. Коалиција Сите за правично судење,
3. Институт за човекови права,
4. Македонско здружение на млади правници,
5. Центар за правни истражувања и анализи,
6. Институт за европски политики и
7. Фондација Отворено општество Македонија

Подготвил: Андријана Ѓорѓевска, соработник
Одобрил: Никола Прокопенко, државен советник


Министерство за правда на
Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk